С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К
НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Службен гласник на Општина Велес
Излегува по потреба

Број 7 година XLIV

09 мај 2008

90.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот за донесување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Велес за први квартал 2008 година

Се објавува Заклучокот за донесување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Велес за први квартал 2008 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 08.05.2008 година.

Број 08-2600/1
09.05.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 08.05.2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Велес за први квартал 2008 година

1. Советот на Општина Велес го донесе Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Велес за први квартал 2008 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-2582/1
08.05.2008 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

91.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за утврдување на Нацрт - детален урбанистички план за дел од Велес локалитет „9-ти Ноември“ помеѓу улиците „Благој Ѓорев“, „Тодор Јанев“, пешачка улица и улица „8-ма Велешка бригада“ – Општина Велес 2007-2012

Се објавува Одлуката за утврдување на Нацрт-детален урбанистички план за дел од Велес локалитет „9-ти Ноември“ помеѓу улиците „Благој Ѓорев“, „Тодор Јанев“, пешачка улица и улица „8-ма Велешка бригада“ - Општина Велес 2007-2012, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 08.05.2008 година.

Број 08-2600/2
09.05.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр.24/08) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 08.05.2008 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување на Нацрт -детален урбанистички план за дел од Велес локалитет „9-ти Ноември“ помеѓу ул.„Благој Ѓорев“, ул.„Тодор Јанев“, пешачка улица и ул.„8-ма Велешка бригада“ – Општина Велес 2007-2012

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес утврдува Нацрт-детален урбанистички план за дел од Велес локалитет „9-ти Ноември“ помеѓу ул.„Благој Ѓорев“,ул.„Тодор Јанев“, пешачка улица и ул.„8ма Велешка бригада“ – Општина Велес 2007-2012

По утврдувањето на Нацрт Деталниот урбанистички план за дел од Велес локалитет „9ти ноември“ помеѓу: ул.„Благој Ѓорев“, ул.„Тодор Јанев“, пешачка улица и ул.„8-ма Велешка бригада“ – Општина Велес 2007-2012 ќе се спроведе Јавна презентација и Јавна анкета.

Член 2

Јавната презентација и Јавната анкета ќе се спроведат со изложување на планот во просториите на Општината.

Времето на изложување на планот за Јавна анкета и денот на одржување на Јавната презентација, ќе биде објавено со соопштение до јавните гласила и печатен медиум.

Член 3

По спроведената Јавна презентација и Јавна анкета се изготвува Извештај за прифатените и неприфатените забелешки од страна на Стручна комисија формирана од Градоначалникот.

Извештајот е составен дел на Одлуката за донесување на Предлог-планот.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-2582/2
08.05.2008 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

92.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за утврдување на Нацрт-детален урбанистички план за дел од Велес локалитет „Дел од старо градско јадро“, помеѓу улиците „Крушевска“ и дел од улица „Крали Марко“ – Општина Велес 2008-2013

Се објавува Одлуката за утврдување на Нацрт-детален урбанистички план за дел од Велес локалитет „Дел старо градско јадро“, помеѓу улиците „Крушевска“ и дел од улица „Крали Марко“ – Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 08.05.2008 година.

Број 08-2600/3
09.05.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр.24/08) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 08.05.2008 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување на Нацрт-детален урбанистички план за дел од Велес локалитет „Дел од старо градско јадро“, помеѓу ул.„Крушевска“ и дел од ул.„Крали Марко“– Општина Велес 2008-2013

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес утврдува Нацрт-детален урбанистички план за дел од Велес локалитет „Дел од старо градско јадро“, помеѓу ул.„Крушевска“ и дел од ул.„Крали Марко“– Општина Велес 2008-2013

По утврдувањето на Нацрт-деталниот урбанистички план за дел од Велес локалитет „Дел од старо градско јадро“, помеѓу ул.„Крушевска“ и дел од ул.„Крали Марко“– Општина Велес 2008-2013 ќе се спроведе Јавна презентација и Јавна анкета.

Член 2

Јавната презентација и Јавната анкета ќе се спроведат со изложување на планот во просториите на Општината.

Времето на изложување на планот за Јавна анкета и денот на одржување на Јавната презентација ќе биде објавено со соопштение до јавните гласила и печатен медиум.

Член 3

По спроведената Јавна презентација и Јавна анкета се изготвува Извештај за прифатените и неприфатените забелешки од страна на Стручна комисија формирана од Градоначалникот.

Извештајот е составен дел на Одлуката за донесување на Предлог-планот.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-2582/3
08.05.2008 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

93.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за утврдување на Нацрт -урбанистички план вон населено место Башино Село м.в. „Зад црква" – Општина Велес

Се објавува Одлуката за утврдување на Нацрт-урбанистички план вон населено место Башино Село м.в.„Зад црква" – Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 08.05.2008 година.

Број 08-2600/4
09.05.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр.24/08) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 08.05.2008 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување на Нацрт-урбанистички план вон населено место за Башино Село, м.в. „Зад црква" - Општина Велес 2008-2018

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес утврдува Нацрт-урбанистички план вон населено место за Башино Село, м.в. „Зад црква" - Општина Велес 2008-2018

По утврдувањето на Нацрт-урбанистичкиот план вон населено место за Башино Село, м.в. „Зад црква" - Општина Велес 2008-2018 ќе се спроведе Јавна презентација и Јавна анкета.

Член 2

Јавната презентација и Јавната анкета ќе се спроведат со изложување на планот во просториите на Општината.

Времето на изложување на планот за Јавна анкета и денот на одржување на Јавната презентација, ќе биде објавено со соопштение до јавните гласила и печатен медиум.

Член 3

По спроведената Јавна презентација и Јавна анкета се изготвува Извештај за прифатените и неприфатените забелешки од страна на Стручна комисија формирана од Градоначалникот.

Извештајот е составен дел на Одлуката за донесување на Предлог-планот.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-2582/4
08.05.2008 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

94.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за пренесување на основни средства од ООУ „Васил Главинов“ на ОЈУ Детска градинка „Димче Мирчев“ Велес

Се објавува Одлуката за пренесување на основни средства од ООУ „Васил Главинов“ на ОЈУ Детска градинка „Димче Мирчев“ Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 08.05.2008 година.

Број 08-2600/5
09.05.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02), член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“бр. 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 08.05.2008 година, донесе

О Д Л У К А
за пренесување на основни средства од ООУ „Васил Главинов“ на ОЈУ Детска градинка „Димче Мирчев“ Велес

Член 1

Со оваа Одлука се врши пренесување на основни средства што се во евиденција на ООУ „Васил Главинов“ Велес, а се пренесуваат во ОЈУ Детска градинка „Димче Мирчев“ Велес.

Член 2

Основните средства – 60 метални шолчиња за чај и 60 длабоки метални чинии, ќе се пренесат од ООУ „Васил Главинов“ Велес на ОЈУ Детска градинка „Димче Мирчев“ Велес за потребите на кујната.

Член 3

Основните средства ќе бидат користени од страна на лицата кои ќе бидат ангажирани за подготвување на топлите оброци. При користењето на средствата вработените во ОЈУ Детска градинка „Димче Мирчев“ ќе се грижат како добри домаќини средствата секогаш да бидат во исправна состојба и употребливи за намената.

Член 4

Оваа Одлука ќе значи правен основ за отпишување на горе наведените основни средства од евиденција на ООУ„Васил Главинов“ Велес и основ за упис во евиденција на основни средства во ОЈУ Детска градинка „Димче Мирчев“ Велес.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-2582/5
08.05.2008 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

95.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот за донесување на Програма за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2008 година

Се објавува Заклучокот за донесување на Програма за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2008 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 08.05.2008 година.

Број 08-2600/6
09.05.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 08.05.2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување на Програма за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2008 година

1. Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2008 година

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-2582/6
08.05.2008 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

Врз основа на член 43 од Законот за градежно земјиште (“Службен весник на РМ” бр.53/01) и член 46, став 1, од Статутот на Општина Велес (“Службен гласник на Општина Велес” бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 08.05.2008 година, донесе

П Р О Г Р А М А
за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2008 година

1.Во Програмата за уредување на градежното земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2008 година (“Службен гласник на општина Велес” бр. 1/08) се врши измена:

1.2. во глава IV. - ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ :

После став 1 Трошоците за реализација, според намената и по поедини видови на елементи за уредувањето на општината се: во табелата Расходи,

-позиција Ф2 Одржување на улици износот 6.510.000,оо ден. се брише и се заменува со 6.310.000,оо ден. а во:

…точка 10.Бетонирање на дел од „Ѓоре Органџиев“ од Мало мовче до Новиот мост и пред гаражите кај Ликовниот салон) износот 450.000,оо ден. се брише и се заменува со 250.000,оо ден..

-позиција ФА Изградба на водоводна, фекална и атмосверска канализација износот 6.770.000,оо ден. се брише и се заменува со 6.470.000,оо ден. а:

...точка 3.Атмосферска канализација ставка 3 атмосверски канал на спојот на улиците „Панко Брашна“р и „Моша Пијаде“ износот 300.000,оо ден. се брише во целост.

-позиција ЈЕ Изградба на паркинзи износот 2.000.000,оо ден. се брише и се заменува со 1.700.000,оо денари. Ставка 1. „Петре Прличко“ (попречно паркирање) износот од 2.000.000,оо се брише и се заменува со 1.700.000,оо денари.

-позиција ЈД1 Изградба на улици износот 6.300.000,оо ден. се брише и се заменува со 6.620.000,оо ден. а во :

...точката 3. Експропријација на улици износот 500.000,оо ден.се брише и се заменува со 820.000,оо ден.

-позиција ЈД3 Изградба на тротоари износот 5.770.000.000,оо ден. се брише и се заменува со 6.320.000,оо ден. а во :

...се додава нова точка 12. Тротоар на улица Благој Ѓорев (спој на ул. „Невена Ѓорѓиева Дуња“ со ул. „Живко Фирфов“)со износ 350.000,оо ден.

се додава нова точка 13. Асфалтирање на тротоар на улица „Народен Фронт“ со износ 200.000,оо ден.

-позиција ЈД 4 Изградба на потпорни зидови, износот 6.250.000, оо денари се брише и се заменува со 4.550.000,оо денари. Понатаму во ставка 1.Регулација на река Вардар износот 5.250.000,ооденари, се брише и се заменува со 3.550.000,оо денари.

-позиција ЈД Изградба на комерцијални објекти (Разни зафати) износот 2.800.000,оо ден. се брише и се заменува со 3.830.000,оо ден. а во:

...точка 2. Проширување на автобуска станица на УЗ „Шорка“ износот 150.000,оо ден. се брише и се заменува со 300.000,оо ден. (за две постојки)

...се додава нова точка 5. Санитарии кај Градскиот саат со износ од 480.000,оо ден.

...се додава нова точка 6. Бетонирање на плоча на ул. „Петре Прличко“ со износ од 400.000,оо ден.

позиција ЈМ Паркови зеленило и детски игралишта (капитални инвестиции) износот 5.000.000,оо ден. Се брише и се заменува со 5.600.000,оо ден., а во :

точка 1 Уредување на партери пред згради со паркинг простор и патеки износот 3.000.000,оо се брише и се заменува со 4.000.000,оо ден.

точка 2 Реконструкција и подигање на нови зелени површини износот 2.000.000,оо се брише и се заменува со 1.000.000,оо ден.

...се вметнува нова точка 3. Реконструкција на Младински парк со износ од 600.000,оо ден.

2.Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-2582/6
08.05.2008 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р

96.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештај за работата на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти „Парк спорт" Велес за период од 01.01. до 31.03.2008 година

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за работата на Јавното претпријатие за зтопанисување со спортски објекти „Парк спорт" Велес за период од 01.01. до 31.03.2008 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 08.05.2008 година.

Број 08-2600/7
09.05.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 08.05.2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Извештај за работата на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти „Парк спорт" Велес за период од 01.01. 2008 до 31.03. 2008 година

1. Советот на Општина Велес го усвои Извештајот за работата на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти „Парк спорт" Велес за период од 01.01. 2008 до 31.03. 2008 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-2582/7
08.05.2008 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

97.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештај за работата на Јавното комунално претпријатие „Дервен" Велес за период од 01.01. до 31.03.2008 година

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за работата на Јавното комунално претпријатие „Дервен" Велес за период од 01.01. до 31.03.2008 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 08.05.2008 година.

Број 08-2600/8
09.05.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 08.05.2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Извештај за работата на Јавното комунално претпријатие „Дервен" Велес за период од 01.01. 2008 до 31.03. 2008 година

1. Советот на Општина Велес го усвои Извештајот за работата на Јавното комунално претпријатие „Дервен" Велес за период од

01.01. 2008 до 31.03. 2008 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-2582/8
08.05.2008 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

98.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решението за давање согласност за издавање на простор на ОСУ„Јовче Тесличков“Велес

Се објавува Решението за давање согласност за издавање на простор на ОСУ „Јовче Тесличков“ Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 08.05.2008 година.

Број 08-2600/9
09.05.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл. весник на РМ" бр. 5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 08.05.2008 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за давање согласност за издавање на простор на ОСУ „Јовче Тесличков“ Велес

1. Советот на Општина Велес дава согласност на ОСУ „Јовче Тесличков“ Велес , да издаде дел од просторот кој го користи за редовна настава за потребите на Бизнис академијата „Смилевски“ од Скопје.

2. Просторот кој ќе биде предмет на издавање ќе го утврди Училишниот одбор на ОСУ „Јовче Тесличков“ Велес. за што ќе донесе и одлука за користење на простор.

3.Просторот што ќе биде издаден на Бизнис академијата „Смилевски“ од Скопје мора да ја задржи својата намена.

4.Кои простории ќе бидат дадени на Академијата за изведување на наставна програма и надоместокот за нивно користење ќе утврди Училишниот одбор на ОСУ „Јовче Тесличков“ Велес за што ќе донесе посебен акт.

5.Средствата прибрани од издавањето на просторот ќе се користат за тековно одржување на објектот.

6.За начинот на користење на просториите ОСУ „Јовче Тесличков“ е должно да води посебна евиденција и до сопственикот еднаш годишно да доставува извештај за начинот на користење на просториите.

7.Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-2582/9
08.05.2008 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

99.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решението за давање согласност за користење на простор за работа на силите за заштита и спасување за време на мобилизација во ООУ „Васил Главинов“ Велес

Се објавува Решението за давање согласност за користење на простор за работа на силите за заштита и спасување за време на мобилизација во ООУ „Васил Главинов“ Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 08.05.2008 година.

Број 08-2600/10
09.05.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Влес" бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 08.05.2008 година, донесе

РЕШЕНИЕ
за давање согласност за користење на простор за работа на силите за заштита и спасување за време на мобилазација во ООУ „Васил Главинов" Велес

1. Со ова Решение се дава согласност на ООУ „Васил Главинов" Велес за потребите на Дирекцијата за заштита и спасување Велес да обезбеди простор за работа на Командата на единицата за заштита и спасување за време на мобилизација на републичките сили за заштита и спасување (користење на дворно место, спортската сала и просторија со телефонска линија).

2. Начинот на користење на просторот за мобилизација ќе биде уреден со посебен договор склучен помеѓу директорот на училиштето и раководителот на Дирекцијата за заштита и спасување –Велес.

3. По донесувањето на ова Решение се задолжува директорот на училиштето да направи подготовка за потпишување на Договорот од точка 2 на ова решение.

4.Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-2582/10
08.05.2008 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

100.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решение за давање согласност за користење на простор за работа на силите за заштита и спасување за време на мобилизација во ОСУ „Гимназија Кочо Рацин" Велес

Се објавува Решението за давање согласност за користење на простор за работа на силите за заштита и спасување за време на мобилизација во ОСУ „Гимназија Кочо Рацин" Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 08.05.2008 година.

Број 08-2600/11
09.05.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Влес" бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 08.05.2008 година, донесе

РЕШЕНИЕ
за давање согласност за користење на простор за работа на силите за заштита и спасување за време на мобилазација го ОСУ Гимназија „Кочо Рацин"Велес

1. Со ова Решение се дава согласност на ОСУ Гимазија „Кочо Рацин" Велес, за потребите на Дирекцијата за заштита и спасување Велес, да обезбеди простор за работа на командата на единицата за заштита и спасување, за време на мобилизација на републичките сили за заштита и спасување (користење на дворно место, спортската сала и просторија со телефонска линија).

2. Начинот на користење на просторот за мобилизација, ќе биде уреден со посебен договор склучен помеѓу директорот на училиштето и раководителот на Дирекцијата за заштита и спасување –Велес.

3. По донесувањето на ова Решение се задолжува директорот на училиштето да направи подготовка за потпишување на Договорот од точка 2 на ова решение.

4.Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-2582/11
08.05.2008 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

101.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решението за формирање Координативно тело за имплементација на Локалниот акционен план за контрола на туберкулозата 2008-2012

Се објавува Решението за формирање Координативно тело за имплементација на Локалниот акционен план за контрола на туберкулозата 2008-2012, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 08.05.2008 година.

Број 08-2600/12
09.05.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ” бр. 5/02), член 44, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес” бр.12/06), а согласно член 4 од Одлуката за усвојување на Локален акционен план за контрола на туберкулозата на Општина Велес 2008-2012 („Сл.гласник на Општина Велес“ бр. 05/08),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 08.05.2008 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за формирање Координативно тело за имплементација на Локалниот акционен план за контрола на туберкулозата на Општина Велес 2008-2012

Советот на Општина Велес формира Координативно тело за имплементација на

Локалниот акционен план за контрола на туберкулозата на Општина Велес 2008-2012 согласно Одлуката за усвојување на Локален акционен план за контрола на туберкулозата на Општина Велес 2008-2012 (во понатамошниот текст-Координативното тело).

Координативното тело го сочинуваат 9 (девет) члена, претставници на повеќе институции, чиј мандат трае 5 (пет) години.

За членови на Координативното тело се именуваат:

-Миле Маџаров, невладина организација;

-Далиборка Златева, невладина организација;

-Даниела Саздова, локални медиуми;

-Славица Филиповска, Меѓуопштински центар за социјална работа-Велес;

-Д-р. Анета Ковачки, Антитуберкулозен диспанзер при ЈЗУ Општа болница -Велес;

-Анѓел Киров, претставник од општинските основни училишта;

-Маја Хеско, претставник од општинските средни училишта;

-Никола Нацев, Совет на Општина Велес и

-Билјана Манаскова, општинска администрација –Општина Велес.

Пред почетокот на секоја нова календарска година, Координативното тело е должно да изработи детален акционен план, со временска рамка, одговорни носители за одделни активности и индикатори предвидени со планот и да го достави до Советот на Општина Велес.

Координативното тело е должно да врши мониторинг и евалуација на Локалниот акционен план за контрола на туберкулозата за секоја година, а по завршувањето на годината треба да изготви Информација за имплементацијата и истата да ја достави до Советот на Општина Велес.

Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес”.

Број 07-2582/12
08.05.2008 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

.

102.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решението за формирање Локална лидерска група за имплементација на Локален акционен план за прашањето хендикеп на Општина Велес 2008-2010

Се објавува Решението за формирање Локална лидерска група за имплементација на Локален акционен план за прашањето хендикеп на Општина Велес 2008-2010, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 08.05.2008 година.

Број 08-2600/13
09.05.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ” бр. 5/02), член 44, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес” бр.12/06), а согласно член 4 од Одлуката за усвојување на Локален акционен план за лицата со хендикеп на Општина Велес 2008-2010 („Сл.гласник на Општина Велес“ бр. 20/07),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 08.05.2008 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за формирање Локална лидерска група за имплементација на Локален акционен план за лицата со хендикеп на Општина Велес 2008-2010

Советот на Општина Велес формира Локална лидерска група за имплементација на Локален акционен план за лицата со хендикеп на Општина Велес 2008-2010, согласно Одлуката за усвојување на Локален акционен план за лицата со хендикеп на Општина Велес 2008-2010 (во понатамошниот текст-Локалната лидерска група).

Локалната лидерска група ја сочинуваат 7 (седум) члена, претставници на повеќе институции, чиј мандат трае 3 (три) години.

За членови на Локалната лидерска група се именуваат:

.

Далиборка Златева, невладина организација;

-Тони Пајдаков, невладина организација;

-Александар Кукулев, локални медиуми;

-Христина Дукова, бизнис сектор;

-Д-р. Зорица Тодоровска, здравство;

-Ефтимија Карбева Лукарова, Совет на Општина Велес и

-Билјана Манаскова, општинска администрација –Општина Велес.

Локалната лидерска група е должна да врши мониторинг и евалуација на Локалниот акционен план за прашањето за хендикеп, а потоа да изготви Годишен извештај за имплементацијата на овој план и да го достави до Советот на Општина Велес.

Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес”.

Број 07-2582/13
08.05.2008 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

103.

Врз основа на член 78 од Изборен законик (“Службен весник на РМ” бр.40/06) и член 50, став 1, точка 16 од Закон за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.05/02),

Градоначалникот на Општина Велес

О Б Ј А В У В А
утврдување на места на кои е дозволено да се истакнуваат изборни плакати со обезбедени еднакви услови за сите организатори на изборната кампања учесници во парламентарните избори во 2008 година

I. Локации за поставување на изборни плакати

А.

ЗАКАЧУВАЊЕ НА ИЗБОРНИ ПЛАКАТИ НА ЕЛЕКТРИЧНИ СТОЛБОВИ, СТОЛБОВИ ЗА УЛИЧНА РАСВЕТА И ДРВЕНИ СТОЛБОВИ СО ДИМЕНЗИИ 0,50 х 0,70 м. ЧИСТА ВИСИНА НА ПОСТАВУВАЊЕ - 2,60 м. ОД ДОЛНАТА ИВИЦА НА ПАНОТО

1. На ул.”Алексо Демниевски” на потегот од Бензиската пумпа до крстосницата кај Пошта на 16 столба за улично осветлување.

2. На ул.”Петре Прличко” (левиот брег на р.Вардар) на дрвениот столб кај стакларската работилница и на 10 дрвени столба на левата страна на улица “Петре Прличко” сметајќи од Стариот мост спрема Градското пазариште.

3. На 2 столба на ул."Иво Лола Рибар" во вкрстувањето со ул."Петре Прличко" и на 5 дрвени столба на ул."Петре Прличко" од десната страна после вкрстувањето со ул."Иво Лола Рибар".

4. На ул."Димитар Влахов" од раскрсницата со Новиот мост во правец на Железниот мост на 26 столба за улично осветлување.

5. На ул. "Гоце Делчев" на 9 дрвени столба.

6. На ул. "Страшо Пинџур" на 2 столба за улично осветлување и 3 дрвени столба.

7. На ул."Благој Ѓорев" од раскрсницата кај Пошта до раскрсницата на ул."Благој Ѓорев" со ул."Ленинова" на преку 50 столбови за улично осветлување, а понатаму се до "Тунел 2" на дрвени столбови на улицата движејќи се кон Тунелот.

8. На ул. "Моша Пијаде" од раскрсницата кај општинската зграда па се до Топилницата на сите столбови за улично осветлување.

9. На улицата кон Железничка станица од раскрсницата кај општинската зграда па се до Железничката станица на сите столбови за улично осветлување и сите дрвени столбови.

10. На ул."Вардарска" кај "Ветекс".

11. На ул."Благој Ѓорев" кај Гимназијата на бетонскиот ѕид во Младинскиот парк и спроти Гимназијата на бетонската ограда.

12. Паркинг плац кај Стара аптека, на потпорниот ѕид на ул. "Коле Неделковски".

13. На ул.„Маршал Тито" на потпорниот ѕид од десната страна под Градскиот саат се до почетокот на дуќаните.

Б.

ПОСТАВУВАЊЕ НА МОНТАЖНО-ДЕМОНТАЖНИ ПАНОА СО СОПСТВЕНА НОСЕЧКА КОНСТРУКЦИЈА ИЛИ СО КОНСТРУКЦИЈА ЗА ЗАКАЧУВАЊЕ НА ЈАВНА ОГРАДА **СО МАКСИМАЛНА ДИМЕНЗИЈА 1,0 х 2,0 м**

1. На новото двонаменско засолниште пред Основниот суд повеќе подвижни паноа (за секој организатор на изборната кампања по едно место).

2. На улица "Маршал Тито", а пред поранешна - Стоковната куќа на растојание од 1,20 м. од излогот во целата негова должина подвижни паноа. Во слободниот простор помеѓу поранешната Стоковна куќа и првата станбена зграда на Комплексот "Чешел"-подвижни паноа слободно поставени (за секој организатор на изборната кампања по едно).

3. Просторот на ул. "Маршал Тито" од левата страна на скалите кон ул."Владимир Назор".

4. На ул. "Маршал Тито" од левата страна во правец на Стариот мост кај паркчето до поставеното бетонско пано посебно на подвижни паноа паралелно со улицата надвор од тротоарот на тревникот од паркчето.

5. Оградата над потпорниот ѕид на ул."Димитар Влахов" како подлога за закачување на паноа во должина од 0,70м, а висина 0,80м.

6. Потпорниот ѕид на ул."Благој Ѓорев" јужно од раскрсницата со улица "Ленинова" во целата должина (100м) на оградата.

Дополнителните места - на билборди и сити лајтови за истакнување на изборни плакати со надоместок, организаторите на изборната кампања ќе можат да ги користат со претходен договор непосредно со Националната рекламна агенција ДООЕЛ "Акцент Медија" - Скопје на телефон: 02 31 35 449.

II.Начин на доделување на локациите за поставување на изборни плакати

Утврдените локации во точките А и Б за поставување на изборни плакати се без надоместок.

Општината ќе го изврши одбележувањето на местата за поставување на изборните плакати за секој подносител на листи поодделно.

Одбележувањето ќе се изврши рамноправно за сите учесници во изборната кампања.

Изборни плакати можат да се истакнуваат и на станбени или други приватни објекти, со претходна согласност од сопственикот на објектот.

Не е дозволено истакнување на плакати од кампањата на објектите каде се наоѓа гласачкото место или просторијата каде што се спроведува гласањето.

Не се дозволува лепење на изборни плакати на фасади, културно-историски споменици, спомен обележја, бисти, платанови стебла и останати стебла на дрвјата од централно градско подрачје.

Во населените места во Општина Велес се дозволува лепење на изборни плакати на слободни површини погодни за таква намена, односно на станбени или други приватни објекти со претходна согласност (одобрение) од сопственикот на објектот.

Согласно Одлуката за утврдување на местата и начинот на беспплатното плакатирање на подрачјето на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.5/02) не се дозволува поставување на изборни плакати на рекламните столбови поставени на подрачјето на Општината.

Уништување на изборни плакати или лепење плаката врз плаката на други организатори на изборната кампања е забрането.

Организаторот на изборната камплања е должен во рок од 30 дена по завршувањето на изборите да го отстрани сметот од плакатите.

Не придржувањето кон утврдените места и определените услови повлекува казна за сторен прекршок според казнените одредби од Изборниот законик (“Службен весник на РМ”бр.40/06).

Објавата да се истакне на јавни места и да се достави до информативните гласила.

Напомена: На столбовите за улично осветлување на кои има истакато реклами објави-табли на („Твоја аптека“ и „Прокредит банка“) не е дозволено истакнување на изборни плакати.

Број 08-2624/1
09.05.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Бр на акт **Страница**

90	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучокот за донесување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Велес за први квартал 2008 година**	**148**
	З А К Л У Ч О Кза донесување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Велес за први квартал 2008 година	
91	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлуката за утврдување на Нацрт - детален урбанистички план за дел од Велес локалитет „9-ти Ноември“ помеѓу улиците „Благој Ѓорев“, „Тодор Јанев“, пешачка улица и улица „8-ма Велешка бригада“ – Општина Велес 2007-2012**	**148**
	О Д Л У К А за утврдување на Нацрт -детален урбанистички план за дел од Велес локалитет „9-ти Ноември“ помеѓу ул.„Благој Ѓорев“, ул.„Тодор Јанев“, пешачка улица и ул.„8-ма Велешка бригада“ – Општина Велес 2007-2012	
92	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлуката за утврдување на Нацрт-детален урбанистички план за дел од Велес локалитет „Дел од старо градско јадро“, помеѓу улиците „Крушевска“ и дел од улица „Крали Марко“ – Општина Велес 2008-2013**	**149**
	О Д Л У К А за утврдување на Нацрт-детален урбанистички план за дел од Велес локалитет „Дел од старо градско јадро“, помеѓу ул.„Крушевска“ и дел од ул.„Крали Марко“– Општина Велес 2008-2013	
93	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлуката за утврдување на Нацрт -урбанистички план вон населено место Башино Село м.в. „Зад црква“ – Општина Велес**	**150**
	О Д Л У К А за утврдување на Нацрт-урбанистички план вон населено место за Башино Село, м.в. „Зад црква“ - Општина Велес 2008-2018	
94	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлуката за пренесување на основни средства од ООУ „Васил Главинов“ на ОЈУ Детска градинка „Димче Мирчев“ Велес**	**151**
	О Д Л У К Аза пренесување на основни средства од ООУ „Васил Главинов“ на ОЈУ Детска градинка „Димче Мирчев“ Велес	
95	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучокот за донесување на Програма за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2008 година**	**151**

Бр на акт **Страница**

З А К Л У Ч О К за донесување на Програма за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2008 година

П Р О Г Р А М А за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2008 година

96 **З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештај за работата на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти „Парк спорт“ Велес за период од 01.01. до 31.03.2008 година** **153**

З А К Л У Ч О К за усвојување на Извештај за работата на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти „Парк спорт“ Велес за период од 01.01. 2008 до 31.03. 2008 година

97 **З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештај за работата на Јавното комунално претпријатие „Дервен“ Велес за период од 01.01. до 31.03.2008 година** **153**

З А К Л У Ч О К за усвојување на Извештај за работата на Јавното комунално претпријатие „Дервен“ Велес за период од 01.01. 2008 до 31.03. 2008 година

98 **З А К Л У Ч О К за објавување на Решението за давање согласност за издавање на простор на ОСУ„Јовче Тесличков“Велес** **154**

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност за издавање на простор на ОСУ „Јовче Тесличков“ Велес

99 **З А К Л У Ч О К за објавување на Решението за давање согласност за користење на простор за работа на силите за заштита и спасување за време на мобилизација во ООУ „Васил Главинов“ Велес** **154**

100 **З А К Л У Ч О К за објавување на Решение за давање согласност за користење на простор за работа на силите за заштита и спасување за време на мобилизација во ОСУ „Гимназија Кочо Рацин“ Велес** **155**

РЕШЕНИЕ за давање согласност за користење на простор за работа на силите за заштита и спасување за време на мобилазација го ОСУ Гимназија „Кочо Рацин“Велес

101 **З А К Л У Ч О К за објавување на Решението за формирање Координативно тело за имплементација на Локалниот акционен план за контрола на туберкулозата 2008-2012** **156**

Бр на акт **Страница**

Р Е Ш Е Н И Еза формирање Координативно тело за имплементација на Локалниот акционен план за контрола на туберкулозата на Општина Велес 2008-2012

102 **З А К Л У Ч О К за објавување на Решението за формирање Локална лидерска група за имплементација на Локален акционен план за прашањето хендикеп на Општина Велес 2008-2010** **157**

Р Е Ш Е Н И Еза формирање Локална лидерска група за имплементација на Локален акционен план за лицата со хендикеп на Општина Велес 2008-2010

103 **О Б Ј А В У В А утврдување на места на кои е дозволено да се истакнуваат изборни плакати со обезбедени еднакви услови за сите организатори на изборната кампања учесници во парламентарните избори во 2008 година** **157**

Издавач: Општина Велес, телефон 232-406, 232-966,

Буџет на Општина Велес
Сметка: 100000000063095 Народна банка на РМ
Сметка на буџетски корисник: 711014100963010
Приходна шифра и програма 725939 - 00